Архивски број: 08-360/1
31.03.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-753/1 од 28.10.2025 година поднесена од ----- во име на -----, против -----за извршено вознемирување врз основа на брачен и семеен статус во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на лично својство во областа на јавно информирање и медиуми сторена од страна на ----- врз -----.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-753/1 од 28.10.2025 година, од страна на ----- во име на -----, за сторено дискриминаторско вознемирување врз основа на брачен и семеен статус во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на -----.

Во претставката се наведува дека во периодот од 27.9-3.10.2025 година, потенцијалниот дискриминатор објавил повеќе јавни содржини на својот кориснички профил на социјалната мрежа „Facebook“, со кои го таргетира -----, користејќи навредливи и омаловажувачки квалификацииидеградирање и јавна стигматизација. Во продолжение на ова, се наведува дека во дел од нападите експлицитно е вклучена и сопругата на подносителот, што го поврзува нападот со брачен/семеен статус. Оттука, се наведува дека поради јавната достапност и лесната споделливост на објавите, содржините создаваат понижувачка и непријателска средина и имаат кумулативен ефект на вознемирување. Во продолжение на претставката, наведени се спорните објави:

1. Објава на социјалната мрежа Facebook објавена на 27.9.2025 година од страна на ----- на неговиот профил:

   *„ЌЕ ГО ВИДИ ЛИ ----- ВАШИНГТОН!?*

   ***Директорскиот криминален тандем во -----, ----- и -----, освен што крадат милиони евра во копродукција со приватни копродукции кои користат ресурси***


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*од -----, си имаат и двојна архива, двојни деловодни книги, едни за за прикажување на УЈП контроли кога им доаѓаат да проверат дали законски се работи, други криминални, во кои си водат евиденција колку пари украле, кому колку да се трансферира и сл. Така своевремено МАКЕДОНИЈА ТАБАК функционираше, си имаа ЦРНО КНИГОВОДСТВО за шверц на цигари и бело книговодство за УЈП. Инаку, контролите на ----- и ----- им се најавени секогаш, па секогаш се и подготвени со кои книги да настапат...*
*Според вработениот кој ми испрати допис за објава, како реакција на објавите за криминалот во -----, ----- во кеш исплатил по 10.000 евра на СЕДУМ ЧЛЕНОВИ на Програмскиот совет, за да не распишат конкурс за генерален директор, бидејќи на тој конкурс нема право да конкурира! Платил 70.000 евра од пари од граѓаните за одржи СТАТУС КВО во -----, ништо да не се менува...*

*ДОВОЛНО Е НЕКОЈ ОД ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ ДА СЕ ОХРАБРИ И ОДВАЖИ И ДА ПОЈДЕ ВО ОБВИНИТЕЛСТВО ДА ПРИЈАВИ ШТО СЕ „РАБОТИ„ ВО ----- И ЌЕ ИМА АКЦИЈА ЗА АПСЕЊЕ ИСТИОТ МОМЕНТ! ДО СЕГА МИНИСТЕРОТ ЗА ----- УСПЕА ДА ОДБИЕ ОТПОЧНУВАЊЕ ИСТРАГИ, АМА УШТЕ ДОЛГО НЕМА ДА МОЖЕ ДА ГО ПРАВИ ТОА. СИТУАЦИЈАТА Е ПРЕД „ПУКАЊЕ„. ЗАЕДНО СО ----- ОД ----- Е ВМЕШАН -----, БИВШИОТ ДИРЕКТОР НА ----- КОЈ ПРЕКУ НОЌ СТАНА МИЛИОНЕР!*

*Инаку, еве според мојот извор, што се случува во -----:*

*Од сите во раководството најуплашен и најрастрчан да се спасат од притвор и затвор е -----! Тој е и автор на сите криминални зделки, тој ги смислува, ----- потпишува и спроведува. ----- и ----- милионите евра ги трансферираат кон приватни продукции, па ги делат парите, а целиот криминален процес го изведуваат со ПЕТ УРЕДНИЦИ:*

1. *-----*
2. *-----*
3. *-----*
4. *-----*
5. *-----*

*----- е претходник на ----- на местото уредник на прв програмски сервис, ама откако сфатила што све испотпишала и колку заглавила, како се стеснува кругот околу директорите и дека доаѓа време да се оди во притвор па затвор, молела да се тргне од тоа место, па сега е уредник на Собраниски канал.*

*На нејзино место морале да измислат НОВ СЛУГА, па смислиле на бившиот спортски новинар -----, да му купат ФАЛЦ диплома, па од „спортист„ со ССС, го унапределе во фалсификатно дипломиран уредник на првиот програмски*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368; +389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*сервис. Сега -----потпишува што ќе му се каже и каде ќе му се каже и покаже, па е висококвалификуван за притвор и затвор. Се чека денот кога ќе тргне истрагата!*

*----- како уредничка на културно уметничка програма која не продуцира програма, највеќе е ориентирана да изработи т.е. да измисли што повеќе ставки да се исцицаат пари за ЕВРОСОНГ, бидејќи е шефица на делегацијата на оваа меѓународна манифестација, па потоа со директорите ги делат украдените пари по тој основ...*

*-----, уредник на спортската редакција, според непотврдени информациии после криминалниот мултимилионски криминален договор со ТВ АРЕНА (најголем продукциски криминален случај во регионот!) - си дал отказ. Ама, ----- е вмешан и во вршење силен притисок врз коментаторите на натпреварите на ФК ВАРДАР, да не им се случи случајно да коментираат спорни ситуации кога игра ФК ВАРДАР, владин клуб ккој МОРА ДА БИДЕ ШАМПИОН. ----- и на режијата им наредил никако да не повторуваат спорни моменти на штета на ФК ВАРДАР! За тоа е платен од клубот.*
*Петта во оваа седумчлена злосторничка група е ----- која ФИКТИВНО уредува играно документарна програма која воопшто НЕ ПОСТОИ и НЕ СЕ СНИМА! Ама, „уредничката„ ----- потпишува таму каде ќе и се каже, иако знае дека програма која ја уредува ја нема.*

*Е, надвор од оваа криминална екипа е -----, уредник на информативна редакција кој за одработени избори и презентирање на лажни анкети во корист на ВМРО ДПМНЕ, барал и добил стан во Центар и сега напнува да замине како дописник на ----- од Вашинготн. Му се брза ептен, оти знае дека погоре набројаните се пред кривична истрага...*

*Ќе го види ли ----- Вашингтон или само ќе го сонува, останува да видиме!?*

*(авторот е вработен во -----)"*

2. Објава на социјалната мрежа Facebook објавена на 28.9.2025 година од страна на ----- на неговиот профил:

*„АЈДЕ И ЗА „СПОРТОТ„ МА -----! АМА И ЗА ЗАШТИТАТА ОД АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА И ДЗР (3)*

*Мора да се сцвртиме јавно внимание и на спортските содржини кои се емитуваат на -----, таканаречениот спортски канал, кој долги години функционира со одговорни уредници кои не исполнуваат услови за таа позиција, но се назначени по мерак на директорот за да стават потпис како*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*одобрување за криминалните набавки на спортските содржини. Тука би ги навеле противзаконското назначување на ----- кој денес, исто така без исполнети основни критериуми противзаконски е избран на конкурсот за -----3, а подоцна интерно префрлен за да ја извршува функцијата ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА -----.*

*Исто така години претходно и -----, кој без завршено високо образование лажно се претставувал и потпишувал милионски договори во име на -----, диктирано од ----- и -----, а никако не смеел со завршено средно формално образование да биде назначен на одговорна функција во било кој програмски сервис на -----. Во последната година идентичен е примерот со -----, кој со средно образование нелегално е поставен како Уредник на -----, пример кој го продолжува -----, кој без потребното работно искуство на раководна позиција, усно е поставен на таа позиција. Долга е листата на незаконско работење во поедини сектори и програмски појаси, но спортскиот од повеќе аспекти е интересен, затоа што со поставување на послушници кои спроведуваат наредби без покритие е најлесно да се манипулира и тие се секогаш се таргет на директорот. За повеќе од една деценија со таквиот начин на работа се злоупотребени повеќе од 10 милиони евра, за кои најчесто незаконски била откупувана спортската програма, немало соодветно покритие или валидни процеси на постигнување и реализација на договорите.*

*Слични се примерите со поголем дел од „одговорните“ уредници, како на пример со ----, која по истиот терк како -----, со лажни документи од почетничка новинарска позиција е поставена на функција Одговорен уредник на -----, попознат како детски канал. За неа кактеристично е што била избрана во време на бременост, како сопруга на личниот шофер на ----- и неговата амбиција на некаков начин да му се оддолжи, оти шоферот премногу знае, па може некаде и да проговори.*

*На фамозната листа на високо позиционирани без соодветни документи на конкурсот се наоѓа и -----. Тој од ниска работна позиција стигнал до директор на продукција, повеќе пати низ документите може да се сретне и како продуцент, како режисер итн. Само што документите никој не смее да ги контролира и разгледува. Може да дојде до кривипно гонење. Во сите случаи директорот поставувал свои послушници кои треба да ја спроведат нечистата крајно криминална постапка, за потоа тој полесно да може да ги аминува „избраните“. А парите со ----- да ги поделат или да платат таму каде мораат, па после да делат.*

*За да нема контрола синот на главниот државен ревизор е вработен за да се амортизираат и најмалите обиди за нормално спроведување на ревизија во ----- , како и ќерката на вработен во американската амбасада која има влијание таму и е на добра позиции, за да има ----- покритие и таму, кога ќе загусти и ако*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*загусти. Во оваа сфера се и сопругот на претседателката на Синдикатот на -----, кој со години вработените не знаат што работи, а имал добри примања, потоа со синот на поптретседателката на Синдикатот која и самата е унапредена во Уредник на програма, а нејзиниот син е Новинар1. "*

3. Објава на социјалната мрежа Facebook објавена на 2.10.2025 година од страна на ----- на неговиот профил:

*„----- И -----*

*Резистентно/Нерезистентен брак меѓу ----- и главниот уредник со ФАЛЦ диплома, потписник на све што ќе му поднесат под нос ----- и -----....*

*Околу пладне ќе го гледате и вториот резистентно/нерезистентен клип од -----, која никој не може да ја убеди дека населението е РЕЗИДЕНТНО и НЕРЕЗИДЕНТНО! А има и трет!*

*Моите дописници од ----- ми јавуваат дека имале јака намера да ме тужат, само не можат да најдат пијан адвокат да се нафати да ги застапува. Може некој дрогиран да пробаат да ангажираат, да си направиме забава во Граѓански суд...*

*Спектакл да си направиме!"*

4. Објава на социјалната мрежа Facebook објавена на 2.10.2025 година од страна на ----- на неговиот профил:

*„ПРИБИДЕЈЌИ„ ----- им потпишува на ----- и ----- секаде каде ќе му покажат да се потпише, а трансферираат воглавном милиони евра кон приватни копродукции, женатаму на -----, ----- може со денови да лупа, лупа, липа, лупа, без срам и перде:*

*РЕЗИСТЕНТНО/НЕРЕЗИСТЕНТНО население вика ----- пред камера, наместо РЕЗИДЕНТНО/НЕРЕЗИДЕНТНО население...*

*Не вика од инает, туку од незнаење! Толку и фаќа „тиквата„...*

*Вчера го гледавте првиот видео клип, еве денес и втор!"*

5. Објава на социјалната мрежа Facebook објавена на 3.10.2025 година од страна на ----- на неговиот профил:

*"БАЈПАСИРАНА ----- ПЉАЧКА*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*Од Никола Груевски преку Заев, до Мицкоски, заедно со сите технички премиери, Ген.Дир. ----- од ----- има исплаќал по 300.000 евра годишно, за да не го менуваат...*

*Од 2013 година до денес, само преку СПОРТСКАТА РЕДАКЦИЈА на ----- се украдени 10 милиони евра, во режија и аранжман на -----, -----, ----- и ----- од -----!*

*Уредници на спортска редакција потпишувале на КАСА ПРИМИ, а шефовите им велеле дека се работи БАЈПАСИРАНО! Колеги ги прашувале дали се свесни што потпишуваат, овие се правдале:*

*„ТАКА МИ РЕКОА!„“*

Во претставката е наведена и лична изјава на лицето во чие име е поднесена претставката, која гласи:

*„Јавното прозивање со мое име и презиме, вклучително и со прекар „----- “, и повтореното лепење етикети дека сум „слуга“, „неквалификуван“ и дека „потпишувам каде ќе ми кажат“, кај мене предизвикаа силна вознемиреност, стрес и чувство на понижување. Ваквите објави се шират брзо, се споделуваат и коментираа, па чувствувам притисок и стигматизација на работното место и во јавноста. Особено ме погодува што во дел од нив се навредува и мојата сопруга, па нападите се насочени кон нас како брачна двојка. Поради ова избегнувам јавни појавувања и чувствувам несигурност дека секоја моја професионална одлука ќе се толкува низ призма на овие објави. Го овластувам ----- да ме застапува.“*

Поради претходно наведеното, ----- предлага Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да утврди дискриминација и да издаде препорака за отстранување на повредата.

Во прилог на претставката беа доставени исечоци од екран од спорните објави како доказ за тврдењата во претставката, заедно со линкови за пристап до истите.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 27.11.2025 година испрати Известување бр. 08-753/5 за произнесување по наводите од претставката до -----. Имајќи предвид дека на дадената адреса не беше извршена успешна достава на поднесокот, при што истиот беше вратен од поштенската служба, Комисијата предметното известување го достави електронски на мејл адресата на -----.

На 23.12.2025 година, до Комисијата беше доставен одговор од страна на -----, во кој беше наведено „Без коментар.“

Имајќи го предвид сето претходно наведено, Комисијата разгледувајќи ги објавите на социјалната мрежа Facebook, го утврди следното:

Контекстот на објавите од страна на ----- на социјалната мрежа Facebook се напишани со цел дискредитирање и омаловажување на подносителот на претставката, при што во истите се користат изрази како „нов слуга... на ----- да му купат фалц диплома, да го унапредиле во фалсифициран дипломиран уредник“ „без исполнети услови и противзаконски е избран“, „----- може со денови да лупа.. без срам и перде“ и други. Оттука, објавувањето на Facebook статуси во кои се дискредитира професијата и личноста на подносителот како новинар претставува форма на вознемирување која излегува надвор од границите на критиката и навлегува во сферата на дискриминаторско постапување, при што содржината на објавите не се однесува на анализа или несогласување со работата на подносителот на претставката, туку истата го става фокусот на поткопување на неговиот професионален интегритет. Во оваа насока, иако слободата на изразување е уставно загарантирано право, таа не претставува апсолутно право. Во конкретниот случај, јавното искажување на мислење на ----- го преминува тој праг и претставува дискриминаторско вознемирување. Дополнително на ова, имајќи го предвид фактот дека објавите се истакнати на онлајн социјална мрежа, нивниот ефект не е ограничен, туку истите се достапни и за пошироката јавност, што резултира со дополнителна потенцијална штета врз угледот и достоинството на подносителот како новинар.

Оттука, Комисијата утврди дека вака утврдената фактичка состојба претставува вознемирување врз -----, согласно **член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„(1) Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

При утврдувањето на дискриминаторската основа, Комисијата ја имаше предвид и професијата на подносителот како новинар, согласно која е опфатена и дискриминаторската основа лично својство. Притоа, истото укажува на постоење и на повеќекратна дискриминација, која согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација се квалификува како потежок облик на дискриминација. Дополнително на ова, во конкретниот случај се работи за повеќе објави со кои се таргетира истото лице и неговата сопруга врз наведените дискриминаторски основи, која исто така се квалификува како потежок облик на дискриминација.

Согласно член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *„Како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета повеќекратна*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*дискриминација, интерсекциска дискримианција, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.“*

Оттука, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди вознемирување врз основа на пол, семеен статус и лично својство во областа на јавно информирање и медиуми од страна на ----- кон -----.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ----- да јасно и недвосмислено му се извини на ----- за стореното вознемирување јавно на социјалната мрежа Facebook, односно на истата платформа каде што го сторил вознемирувањето, **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ----- во иднина да се воздржува од изјави, постапки и дејствија со кои врши дискриминациско вознемирување.

Напомена: Доколку лицата не постапат согласно дадената препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4**
од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk